Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
INSTITUCIONI NACIONAL
МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР
TEATRI POPULLOR MAQEDONAS
Бр. 02-370/1
06.04.26 год./viti
Скопје / Shkup

Врз основа на чл.77-а и чл.77-и од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.265/24 и 132/25), Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, како и на пријавата за унапредување на давателите на јавни услуги, критериумите за унапредување и распоредување на актери по групи, начинот на спроведување на селекцијата на унапредување, како и начинот на нивно бодување во РСМ НУ Македонски народен театар – Скопје бр.02-273/2 од 18.03.2026 година, Одлуката за објавување на интерен оглас под бр.02-277/1 од 19.03.2026 година, Интерен оглас за унапредување на актер првенец бр.04-280/1 од 19.03.2026 година, Записникот од спроведената реаудиција за постапка за унапредување за актер првенец одржана на ден 06.04.2026 година заведен под бр.02-364/1 од 06.04.2026 година, Предлог одлуката на Комисијата за селекција за постапка за унапредување за актер првенец бр.02-365/1 од 06.04.2026 година и Согласноста од Министерство за финансии на РСМ под бр.19-937/2 и бр. 19-2305/2 од 12.03.2026 година, директорот на НУ Македонски народен театар Скопје донесе:

О Д Л У К А

Актерот Сашко Коцев се унапредува од Актер прва група, во Актер првенец и за него ќе биде изготвено Решение за унапредување со коефициент на сложеност на работното место на кое е унапреден.

Одлуката стапува на сила од денот на нејзното донесување.

Образложение

Врз основа на чл.77-а и чл.77-и од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.265/24 и 132/25), Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, како и на пријавата за унапредување на давателите на јавни услуги, критериумите за унапредување и распоредување на актери по групи, начинот на спроведување на селекцијата на унапредување, како и начинот на нивно бодување во РСМ НУ Македонски народен театар – Скопје бр.02-273/2 од 18.03.2026 година, согласно Записникот од спроведената реаудиција за постапка за унапредување за актер првенец одржана на ден 06.04.2026 година заведен под бр.02-364/1 од 06.04.2026 година, Комисијата за селекција за постапка за унапредување изврши проверка на исполнетоста на условите за унапредување на трите кандидатите кои се пријавиле на интерниот оглас за унапредување на три (3) актери првенец бр.04-280/1 од 19.03.2026 година, при што констатира дека истите ги исполниле условите предвидени во Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас и на пријавата за унапредување на давателите на јавни услуги, критериумите за унапредување и распоредување на актерите по групи, начинот на спроведување на селекцијата за унапредувањето, како и начинот на нивно бодување во РСМ НУ Македонски народен театар Скопје бр.02-273/2 од 18.03.2026 година.

Комисијата за селекција за постапка за унапредување уредно ја спроведе целата постапка, при што од повиканите 3 машки кандидати на реаудицијата се јавија 3 кандидати, при што истите се претставија со зададениот монолог „Димитрија“ (од „Диво Месо“ на Горан Стефановски).

Вкупниот број на бодови од системот за бодување на театарски улоги и награди и реаудицијата одржана на малата сцена во НУ Македонски народен театар изнесува:

1. Јордан Симонов – 197 бодови
2. Александар Микиќ – 194 бодови
3. Сашко Коцев – 170 бодови

Правна поука: незадоволните кандидати имаат право во рок од осум дена од приемот на одлуката да поднесат приговор до Управниот одбор на РСМ НУ МНТ.

НУ Македонски народен театар Скопје

Директор

Никола Кимовски